ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА
## ПРИЛЕП

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ПРИЛЕП

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Гасификација на индустријата и домаќинствата (изградба на градска гасоводна мрежа).
- Формирање на нови општиниски јавни претпријатија со цел да се елиминираат јавните набавки, договори во четири очи и богатење на поединци на сметка на народот.
- Изградба на социјални станови.
- Реорганизација на сообраќајот на сите фреквентни улици и крстосници со изградба на кружни текови.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на месни самоуправи, како систем за граѓанска партиципација, и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми од соседството.
- Правична распределеност на средствата за развој на секоја месна и локална заедница.
- Збратимување со општини и трговска размена на стоки и услуги во поширокиот регион.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.
- Вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на развојните политики.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите со цел поголема достапност на граѓаните.
- Задложително одржување на седни-

ците на советот вон работно време, со цел можност за присуство на повеќе граѓани.

- Пренос во живо (лајв-стрим) на седниците на советот на општината.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците вклучително предлог програмите, записниците и предлог буџетите.
- Воведување на проектот „Е-општина".
- Објава на одлуките на општинската огласна табла и на неколку јавни места во центарот на градот и електронски на веб страната од општината.
- Презентации и јавни расправи за ДУП-ови и ГУП-ови строго вон работно време за да се овозможи присуство на што повеќе граѓани.
- Изработка на веб платформа и мобилна апликација за прашања, пријава на проблеми, идеи и следење на истите за нивна реализација.

## 4. Департизација на општинската администрација

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации



- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Позитивна дискриминација при вработување на лица од загрозена категорија (самохрани родители, лица во социјален ризик).

## 5. Локална власт во заштита на работничките права

- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено и слободно синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

## 6. Намалени хонорари на локалните функционери

- Намалување на паушалите на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.

## 7. Јавни претпријатија

- Професионализација на членовите на управните и надзорните одбори во јавните комунални претпријатија.
- Спојување на повеќе јавни претпријатија со цел да се намали бројот на управители и пасивна администрација.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 1. Плански проактивни општини

- Ревизија на сите изградени објекти во претходниот мандат како и проверка на сите изгласани а неостварени одлуки на советот на Општината. • Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски домови).
- Формирање на општинско јавно претпријатие за извршување градежни работи

## 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Јавен квартален извештај за приходите и расходите на општинскиот буџет со објаснување.
- Формирање на работни групи со подеднаква застапеност на советници од различни политички партии.

## 3. Зголемување на општествената одговорност на прилепските компании

- Поттикнување на приватните фирми за стипендирање на младите и талентирани ученици и студенти.
- Даночно олеснување на компаниите кои ќе помогнат во изградба на паркови, терени, детски игралишта и сл.
- Даночно олеснување на компаниите за финансиска поддршка на спортските локални клубови и културни манифестации.

## 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.
- Поддршка на занаети во изумирање.

## 5. Помош на локалното земјоделство

- Планско овозможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Програма за поддршка на органското земјоделство со цел да се зголеми локалното производство и да се обезбеди квалитетна храна.
- Иницијатива за формирање биро за земјоделие кое ќе анализира, планира и дава бесплатни експертски мислења за земјоделски култури.
- Формирање на работно тело за помош при изготвување на апликации за ЕУ фондови.
- Иницијатива за формирање на здруженија на земјоделци од сите населени места и формирање на општински сојуз на земјоделски здруженија (задруга).
- Обновување на Кванташкиот пазар.
- Регулација на дивите пазарџии и давање шанса за фер конкуренција.
- Поддршка за развој на пчеларството.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против урбаната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови и ГУП-ови од последните 20 години.
- Изработка на ДУП-ови и ГУП-ови за руралните средини.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Експропријација на објектите во заштитените области.

## 2. Планско градење

- Стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси.
- Задолжително зазеленување на просторот околу зградите со зелена површина и високостеблести садници од страна на инвеститорот.
- Презентации и јавни расправи за Деталните и Генералните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време.
- Рамномерен инфраструктурен развој на територијата на цела општина.
- Изготвување на урбанистички планови за планинските населени и излетнички места.

## 3. Пешачки зони

- Создавање интегрирани пешачки зони забранети за автомобили.
- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци“, стеснување на коловозните ленти, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 km/h“).
- Поставување на монтажни или изградба на надвознаци и подвознаци за пешаци на главни улици.
- Прогласување на потегот старата автобуска станица до плоштадот за пешачка зона и поставување рампа со влез само за возила на станари.
- Забрана за сите моторни возила во означени пешачки зони освен возило за брза помош, полиција и противпожарна.

## 4. Урбан велосипедизам

- Стартување на проектот „Прилеп – вело град”.
- Изградба од над 20 км на велосипедски патеки низ градското подрачје.
- Изградба на велосипедска патека по течениието на градската река.
- Изградба на велосипедска патека до индустриските зони.
- Поставување на паркинг места за велосипеди.
- Воведување на систем за изнајмување велосипеди.

## 5. Улици и патишта

- Осветлување на сите влезни/излезни клучки.
- Изградба на мост кој ќе ја поврзува населба Ѓоргдере со населба Типски.
- Изградба на мост и улица „Победа/Македонија“ која ќе ги поврзе населба

## III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

Типски, бул. Александар Македонски -Плетварско џаде.

- Изградба на булевар од центар преку Чумовчанец до излез од Прилеп кај клучка Салида.
- Изградба на кружни текови на локациите: Табана, нова автобуска, железничка станица/Витаминка, Чумовчанец, Интернат, Димо-наредникот, терминал/Анита-мебел, центар-градска кафана/апекс, гимназија.
- Кружни текови кај Солидност, Пошта и Марко Цепенков ќе бидат ревитализирани и стручно изведени.
- Комплетно сообраќајно преуредување на бул. Александар Македонски од влезот на Плетвар до кружниот тек кај Солидност.
- Обезбедување на споредни обиколни патишта за тешките товарни возила.
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сигнализација.
- Проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.

### 6. Јавен превоз

- Воведување на нови транспортни линии во и вон градот.
- Бесплатен превоз за студенти, пензионери и лица од социјален ризик.
- Поставување на модерни автобуски постојки.
- Викенд линија до излетнички места (Езеро, Селце, Лениште, Маркови кули).
- Репозиционирање на автобуските постојки (да бидат со исклучување од булеварот, автобусите да не го блокираат сообраќајот).
- Бесплатен превоз во пазарни денови (среда и сабота) на сите линии со цел да се намали метежот на автомобили.
- Воведување уште една линија за викенд до новите градски гробишта.
- Систем за известување на секоја автобуска постојка и на мобилна апликација.

### 7. Градски паркинг

- Бесплатен регулиран паркинг.
- Изградба на наменски паркинг плацеви во близина на влезовите на градот со цел стимулирање на граѓаните кои доаѓаат во пазарните денови од околните места да користат јавен превоз.
- Изградба на монтажни катни гаражи кај зграда Македонија, општинската зграда, Марко Цепенков.
- Обнова на подземната гаража во центарот за култура „Марко Цепенков".



# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село и секоја населба со поставување системи за следење на исправноста, во реално време, на сите оперативни извори и резервоари.
- Промена на дотраените цевки од градскиот водовод со пластични.
- Набавка на возило и проширување на дејност за бушотини на приватни бунари за вода по симболична цена.
- Зголемување на бројот на бунари и бушотини за вода во парковите.
- Зголемување на број на хидранти на целата територија на град Прилеп.

## 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во потоците и реките.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од отпад и поставување на мрежи за собирање на цврст отпад.
- Редовно чистење на мрежата со одводни канали заради заштита од штета предизвикана при евентуални поплави.

## 3. Погребални услуги

- Ревитализација на општинското погребално претпријатие.

## 4. Јавна чистота

- Изградба на градски тоалети и нивно тековно одржување.
- Хортикултурно уредување на секоја јавна површина во градското подрачје.
- Одржување на беспрекорно ниво на хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Изрекување прекршочни глоби за љубителите на животни кои не си го собираат изметот од домашните миленици од јавните површини.
- Осовременување на градската депонија Алинци и довршување на изградбата на фабриката за рециклирање отпад.
- Поставување на подземни контејнери.
- Поставување на дополнителни контејнери за селекција на отпад пред секоја станбена зграда.



# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Поставување на мини прочистителни станици за крупен отпад по коритата на реките Ореовечка, Дабничка и Прилепска.
- Поставување мерни станици за квалитет на воздух на клучни точки.
- Детектирање и санкционирање на еко-загадувачи во градот.
- Набавка на дрон за детектирање на загадувачи и нелегална сеча на дрва.
- Чист Прилеп и одговорна комунална полиција (засилени контроли во грејна сезона на загадувачи, механичарски работилници, отпади, еко патроли).
- Субвенции на филтри за отпадни води.
- Субвенционирање на филтри за аеро-загадување
- Прераспоредување на шумската полиција на клучни точки/пунктови.

## 2. Еко-активизам

- Организирани акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.
- Планско пошумување на околните ридови.
- Нула диви депонии во целата општина.
- Отворена телефонска линија, веб и мобилна апликација за пријавување на диви депонии и можност за испраќање на фото и видео материјал со точна ГПС локација.

## 3. Паркови и зеленило

- Изградба на нови паркови и зелени површини.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.
- Партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните станбените згради со цел тие да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства
- Изградба на ботаничка градина покрај речното корито помеѓу Градскиот Базен „Маркови Кули" и старите егејски згради.
- Казнување на несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема.
- Изработка на катастар на дрвја со точен број и нивна локација.
- Лоцирање и мапирање на сите слободни места за зголемување на бројот на садници.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање.
- Забрана за давање на дозволи за изградба на фотоволтаици на плодно земјиште.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

- Строги критеруми и ригорозни казни за фабриките кои ја загадуваат животната средина.
- Медени градини во регионите каде се одгледуваат пчелни семејства со засадување на високомедоносни автохтони растенија во интерес на развој на пчеларството.
- Чистење од боров четник во околните борови шуми (Вештачко Езеро, Шатоҏов Камен, Нови гробишта).

## 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на јавни објекти.
- Изградба на соларна централа за потребите на Општина Прилеп.
- Субвенции за клима уреди.
- Субвенции за сончеви колектори за топла вода.
- Субвенции за сончеви колектори за струја.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Реновирање на дотраените училишта во Прилеп и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради и сл.).
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта.
- Бесплатен превоз на ученици.
- Опремување со спортски реквизити на сите основни и средни училишта.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендии за најдобрите ученици и студенти со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси.
- Стимулација на воншколски активности за правилен развој.
- Пилот проект за размена на одлични ученици и студенти со збратимени градови од други држави.

## 2. Култура

- Отворање на МКЦ – Младински културен центар на Општина Прилеп кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.е. „инкубатор“ на младите културни дејци со мултимедијален и функционален простор за „гаражни бендови“, танчери, стрип цртачи, графити-уметници, сликари и креативци.
- Обнова и модернизација на Домот на културата „Марко Цепенков“ и враќање во функција на кино салата и кино културата.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

- Поддшка за независен алтернативен театар.
- Создавње на летна театарска сцена.
- Санација и илуминација на споменикот „Могила на непобедените“.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Поддршка за фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Обнова на културно-историските споменици.
- Стимулирање на младите да се вклучат во активности на фолклорните друштва.
- Грижа за спомен куќи и обележја во Општина Прилеп.
- Формирање на градски оркестар со народни инструменти.

## 3. Туризам

- Враќање на нивото на Пиво-фест и негово рекламирање во поширокиот регион.
- Развој на стази за спортски и планински велосипедизам на Шаторов Камен.
- Афирмација на историски комплекси како пожелни туристички дестинации.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, рурален/селски).
- Стимулирање на планински туризам преку тури, маратони, велосипедски трки.
- Отворање на Туристичко биро за стратешко планирање на развојни политики.
- Промоција на општината по саеми за туризам низ балканот и пошироко со цел запознавање и привлекување туристи.
- Креирање понуда која би ги задржала туристите кои одат и се враќаат од Грција повеќе денови во градот.
- Уличен фестивал за традиционална храна.
- Поставување на паркинг за автомобили и велосипеди кај карпа Слон.
- Отворање на лапидариум во центарот на градот.
- Ласерско шоу на врвот на саат кулата.
- Осветлена пешачка патека до манастирот „Св. Архангел Михаил“- Варош.
- Доврщување на комплексот „Езеро“.
- Изградба на комплекс „Маркови Кули“.

## 4. Спорт и рекреација

- Затворен базен за спортско и рекреативно пливање.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на нови малски игралишта и поправка на постоечките.
- Организирање на турнири (фудбал, кошарка, шах, табла) со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Реновирање на запуштените спортски сали (Партизан-Соколана, Македонија, Тутунска) и нивно ставање во функција на спортските клубови и рекреативците.
- Осветлена пешачка зона и дооформу-

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

вање на патеките за даунхил велосипедизам во областа Шаторов Камен.

- Развивање на Боулдеринг преку меѓународна промоција на карпите кај Маркови кули, Дабница на кај Трескавец кои се едни од ретките во светот и единствени во Европа.
- Стимулација за спортски достигнувања од Општина Прилеп.
- Обележани планински патеки кон сите планински врвови.
- Финансиска поддршка на планинарските друштва за изградба и обнова на планинарски домови.

## 5. Детски игралишта

- Изградба на детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите.
- Прилагодување на парковите за деца со попреченост.

# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Бесплатни градинки за секое дете.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број стручен кадар во градинките.
- Двосменска работа на градинките.
- Куклен театар во секоја градинка.

## 2. Младински политики

- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од семејства во социјален ризик.
- Враќање на работните акции за екологија, пошумување, чистење, изградба на патишта, помагање за јавно добро и волонтерство.
- Формирање на младински совет.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Изградба на дом за стари лица.
- Финансиска поддршка на пензионерските клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица со волонтерски акции од Црвениот крст и други хуманитарни организации.

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Воведување Програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства).
- Отворање на народни кујни.
- Воведување интервентен фонд за социјално загрозени семејства.
- Обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Институционална помош на жртви од семејно насилство.
- Згрижување на лицата во социјален ризик и на бездомниците.
- Згрижување и соодветен третман на зависници од дрога и алкохол.
- Месечен надомест за деца од самохран родител.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост



- Финансиска поддршка на дневниот центар за лица со попреченост и други лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание.
- Обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кои имаат деца со попреченост.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Изградба на згрижувачки дом за возрасни лица со посебни потреби.

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови, јавниот превоз...

## 4. Јавно здравје

- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Помош на лица со специјални потреби.
- Осовременување на возниот парк на Брзата помош.
- Редовни теренски амбулантни посети во запуштените села.
- Формирање на хуманитарен фонд за помош во лечењето на одредени тешки и ретки болести.
- Отворање на амбуланти во селата каде што нема.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и користење на експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.
- Збратимување со градови од регионот и светот и создавање партнерства со домашни и странски општини заради културни и економски придобивки.
- Активна соработка со институциите кои спроведуваат ЕУ програми, УНДП, Светска банка и други организации за пристап до финасии за развојни проекти.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.
- Ставање во функција на скривниците изградени во СФРЈ.
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за заштита и спасување при природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.
- Дополнување на бројот на пожарникари за непречено работење на станицата.
- Редовна проверка на хидрантните на сите станици и во сите колективно станбени објекти и институции.
- Повторно ставање во функција на системот за итно алармирање на населението.

## 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Доследно спроведување на програмата „Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати“ .
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.
- Строги казни за труење на животни.
- Изградба на стационар за бездомни животни, со можност за посвојување на истите од страна на граѓаните.
- Хотел за миленици - посебен оддел во стационарот.
- Соработка со локални здруженија за заштита на домашните животни и фостирање.
- Поставување на куќарки за бездомните животни на повеќе локации во градот и автомати за храна и вода Street Food Feeder

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералниот и деталните урбанистички планови.

## 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.
- Ставање во функција систем „пријави анонимно“ со повратна потврда дека е пријавено за да се избегнат злоупотреби.

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови со поголема сообраќајна контрола.



# ЛЕВИЦА

## ЗА ПРИЛЕП

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ПРИЛЕП

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija